**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-89/6**

**Скопје, 14.02.2007 година**

**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА МАКЕДОНСКА ОПЕРА И БАЛЕТ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на НУ Македонска опера и балет – Сметка за приходи наплатени од органи, за 2005 година, кои се прикажани на страните 5 и 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија.

3. Не е извршена ревизија, и не е издаден извештај за финансиските извештаи на НУ Македонска опера и балет - Сметка за приходи наплатени од органи за годината која и предходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Мирко Стефановски, директор, од 16.11.2004 година година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 5 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 20.11.2006 до 31.12.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија

со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи на НУ Македонска опера и балет – Сметка за приходи наплатени од органи, за 2005 година ревизијата го констатира следното:

### 10.1. **Неправилна примена на акти**

10.1.1. Ревизијата констатира дека НУ МОБ остварува приходи по основ на изнајмување на сценски простор, кои во 2005 година се проценети во вкупен износ од 3.971 илјади денари. За овие приходи не е донесен посебен акт – ценовник, туку се користи Одлуката за определување на закупнината за користење на сценскиот простор на старата установа - МНТ, од март 2002 година според која висината на закупот е утврдена во по широка рамка од 250 до 1.500 евра, во зависност од видот на просторот. Немањето прецизно утврдени критериуми – ценовник за изнајмување на сценскиот простор остава простор за субјективно одлучување во утврдување на надоместокот за овој вид услуга.

**Препораки и мерки:**

1. Директорот при НУ Македонска опера и балет да предложи акт/ ценовник до надлежниот орган со кој ќе се утврдат поблиски критериуми за начинот на пресметка за изнајмување на сценскиот простор и ќе се создадат услови за објективеност и транспарентност на целокупната постапка во остварувањето на приходите по овој основ.

### 10.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Во спротивност со Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници извештајот на пописната комисија на НУ МОБ не ги содржи побарувањата од купувачите кои се искажани во Билансот на состојба на ден 31.12.2005 година и се проценети во вкупен износ од 12,459 илјади денари. За дел од ненеплатените побарувања во износ од 6,159 илјади денари превземена е судска постапка и вонсудска спогодба а за останатиот дел во износ од 6,300 илјади денари не се превземени мерки за нивна наплата со што се создаваат услови за нивно застарување согласно Законот за облигациони односи. Не редовната наплата на побарувањата од купувачите ја намалува ликвидноста на установата и има за ефект создавање на обврска за данок на додадена вредност кој на ден 31.12.2005 година изнесува 4,752 илјади денари.

**Препораки и мерки:**

1. Да се превземат конкретни мерки за наплата на побарувањата од купувачите и подмирување на обврската за ДДВ, со оглед на фактот што приходот од закуп за издадениот деловен простор согласно новите законски решенија претставува приход на Буџетот на РМ. Централната пописна комисија на НУ МОБ да постапува согласно Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, Извешајот на пописната комисија освен пописот на постојаните средства треба да ги содржи побарувањата и обврските на установата со содветни предлози за утужување или отпис.

10.3. **Неправилности во искажување на приходите и расходите**

10.3.1. Со увид во приходите кои се остваруваат преку оваа сметка ревизијата утврди дека НУ МОБ има остварено приход од закупнина од издаден деловен простор во вкупен износ од 5,552 илјади денари кој согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи претставува приход на Буџетот на Република Македонија и треба да биде уплатен во трезорот на уплатната сметката 840 – 6478. Не основано остварените приходи по овој основ имаат за ефект помалку уплатени средства во буџетот на РМ.

**Препораки и мерки:**

1. Директорот на НУ МОБ да постапи согласно Законот за користење и располагање со стварите на државни органи согласно кој средствата остварени од закуп треба да се уплаќаат во Буџетот на РМ.

10.4. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

10.4.1. Со увид во Правилникот за систематизација на работните места ревизијата констатира дека дел од Секторите и одделенијата во НУ МОБ не се целосно пополнети со извршители поради што оваа установа континуирано ангажира лица по договор за дело (помошен персонал) машински инжинер, лица за противпожарна заштита, хонорарно ангажирани сценски работници-декоратер, тонец, фризер, курир, кои месечно се исплатуваат преку Македонска авторска агенција и за кои во 2005 година преку оваа сметка е исплатено 1,400 илјади денари. Висината на надоместокот што го примаат овие лица е согласно Актот за систематизација и вреднување на вработените лица во МОБ.
Ангажирањето на надворешни лица на овој начин се спротивни на одредбите од Законот за извршување на буџетот, Законот за работни односи, Законите за даноци и придонеси од плата, Законот за облигациони односи и има за последица незаконски потрошени државни средства.

10.4.2. Со увид во постапките на примената на Законот за јавни набавки ревизијата утврди дека истите не се спроведувале во 2005 година со што законот не е испочитуван во вкупен износ од 1,620 илјади денари и тоа:

- извршена е набавка на опрема ( клима уреди, телевизори, компјутери, проектор и друго) во вкупен износ од 422 илјади денари, од кои набавки во износ од 104 илјади денари е направена компензација за закуп,


ул: "Маршал Тито" - 12/3 Овластен Државен ревизор
Палата Македонија - Скопје
тел:3211-262, факс3:126-311 ---------------------------------------

- Извршено е набавка на разни материјали за подготовка на сцена во износ од 256 илјади, ( за овие набавки е дадено подетално образложение во сметката на приходи од буџетот) и
- Извршени се разни услуги за сервисирање на лифтови, сервисирање на ПП апарати, печатење на пропаганден материјал, одржување на инсталирани софтверски решенија во вкупен износ од 942 илјади денари од кои во износ од 326 илјади денари е направена компензација.

  Непочитувањето на Законот за јавни набавки има за последица набавки по повисоки цени, необезбедена јавност, транспарентност и фер конкуренција меѓу добавувачите и има за ефект незаконско користење на средствата што претставуваат државни расходи.

**Препораки и мерки**

1. Директорот на НУ МОБ да ја преиспита потребата од ангажирањата на надвореши лица по договор за дело и да преземе конкретни мерки и активности во соработка со Министерството за финансии и Министерството за култура за нивно редовно вработување и соодветно пополнување на упразнетите работните места во установата согласно Актот за систематизација.
2. Директорот на НУ МОБ да обезбеди доследно почитување на Законот за јавни набавки.

10. Според наше мислење, Билансот на состојба ја претставува вистинито и објективно, во сите значајни аспекти финансиската состојба на НУ Македонска опера и балет – Сметка за приходи наплатени од органи на ден 31 Декември 2005 година, а поради заначајноста на изнесеното во точката 10.3., Билансот на приходи и расходи не го прикажува вистинито и објектино резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, а поради значајноста на наодите изнесени во точката 10.4. кај НУ Македонска опера и балет – Сметка за приходи наплатени од органи не е остварено законското и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

12 **Прифатени искорегирани неправилности ВО Билансот на состојба, од страна на НУ Македонска опера и балет во текот на ревизијата**

12.1.1. Во периодот на вршење на ревизијата заради неприменето начело на парично искажување (готовинска основа), ревизијата предложи корекција кај Позициите Активни временски разграничувања и Пасивни временски разграничувања во Билансот на состојба, со што активата и пасивата се зголемуваат во вкупен износ од 4,752 илјади. Корекциите се спроведени во налозите за книжење број 230 и 231 од 2006 година.

**Скопје, 13.02.2007 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 9.582 | 1.822 |
| **Вкупно приходи** | **9.582** | **1.822** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 2 | 0 |
| Стоки и услуги | 7.130 | 1.110 |
| **Вкупно тековни расходи** | **7.132** | **1.110** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 2.450 | 712 |
| **Вкупно капитални расходи** | **2.450** | **712** |
| **Вкупно расходи** | **9.582** | **1.822** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс3:126-311*

*Овластен Државен ревизор*

---------------------------------------

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 168 | 39 |
| Побарувања | 12.459 | 12.308 |
| Активни временски разграничувања | 4.752 | 0 |
| Залихи | 0 | 683 |
| **Вкупно тековни средства** | **17.379** | **13.030** |
| **Вкупна актива** | **17.379** | **13.030** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.752 | 4.280 |
| Финансиски и пресметковни односи | 0 | 27 |
| Пасивни временски разграничувања | 12.627 | 8.040 |
| **Вкупно тековни обврски** | **17.379** | **12.347** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 0 | 683 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **0** | **683** |
| **Вкупна пасива** | **17.379** | **13.030** |